


ГЕВГЕЛИЈА

ISO 9001
Q-1441

**1.04.2024-Понеделник**

# ИНФОРМАЦИИ



## Гевгелија доби нов урбан градски парк

Гевгелија доби нов урбан градски парк. На површина од 6.000 $м^2$, паркот се простира помеѓу двете социјални згради, крај булевар „Гевгелија". Паркот е хортикултурно и партерно уреден, а располага со простор за одмор и рекреација и модерно осветлување.

На одбележувањето на крајот на изведбените работи на новиот градски парк, се одржа свечена манифестација, под мотото „Да ја зачуваме животната средина", којашто ја проследија голем број присутни граѓани.

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, во своето обраќање истакна дека овој проект се реализираше по барање на граѓаните, чија иницијатива се прифати во рамки на расправата по Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година.

- Идејата на граѓаните стана реалност и Гевгелија за првпат доби модерен парк по примерот на урбаните градови.. Нека новиот парк им служи на многу генерации, рече Сарамандов, упатувајќи апел до граѓаните да бидат внимателни во користењето со цел да се сочува.

- Во изминатиот период, Општина Гевгелија презеде повеќе акции за зачувување на животната средина- по затворањето на старата градска депонија, на просторот кај Сува Река извршивме хортикултурно уредување, а во соработка со ЈПКД „Комуналец"- Гевгелија го имплементираме Проектот за примарна селекција на комуналниот отпад, со што е направен сериозен исчекор во повеќе населени места, истакна Сарамандов.





# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ДНЕВЕН БИЛТЕН

ISO 9001
Q-1441

## 1.04.2024-Понеделник



### Се уредува спортското игралиште во ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија

ООУ „Крсте Мисирков“- Гевгелија ќе добие уредено спортско игралиште, за што во тек се изведбените работи за неговата изградба. Увид во активностите изврши градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, заедно со директорот на ООУ „Крсте Мисирков“- Гевгелија, Ѓорги Стамков. Градежните активности опфаќаат партено уредување, поставување сертифицирана тартан подлога на баскет-игралиштето, а висококвалитетна вештачка трева на фудбалското игралиште.

Како што истакна градоначалникот Сарамандов, овој проект е дел од акцијата за поставување нови модерни спортски подлоги со цел на децата да им се обезбедат услови за правилен раст и развој во текот на образовниот процес, но и надвор од него преку модерна спортска инфраструктура. Исто така, уредено е и спортското игралиште во дворот на ООУ „Ристо Шуклев“ од Негорци, каде веќе го користат учениците и децата од населено место.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk



# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ДНЕВЕН БИЛТЕН

## 1.04.2024-Понеделник



### Нов Интернационален фестивал во модерен танц

Викендот, во Гевгелија за првпат се одржа Интернационалниот фестивал во модерен танц „Гевгелија Денс Фест“, во организација на Танцовото студио за модерни танци „Мистик“- Гевгелија. Во спортската сала „26 Април“ во Гевгелија, каде што се одржа Фестивалот, се натпреваруваа повеќе танцови студија од земјата и странство, а нивните настапи во повеќе категории ги оценуваше стручна жири-комисија. Настанот предизвика голем интерес кај публиката.

Фестивалот го посети и градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, на кого организаторот му додели признание изразувајќи му благодарност за довербата и поддршката преку Програмата за организирање спортски активности во општина Гевгелија за 2024 година. Сарамандов истакна дека Гевгелија за првпат доби прекрасен настан од модерното живеење, на којшто учествуваа над 500 учесника од повеќе танцови студија од земјата и странство, како дел од низата успешно-организирани спортски и културни настани коишто имаат голем придонес во афирмирање на градот Гевгелија. Исто така, упати и честитки до „Мистик Денс“ за ентузијазмот и организацијара на настанот, ветувајќи дека Општина Гевгелија и во иднина ќе го поддржи и финансиски и логистички со цел Интернационалниот фестивал да прерасне во традиција, како и сите други ентузијасти кои работат чесно и трудољубиво и творат во својата област, збогатувајќи го културниот и спортскиот живот во Гевгелија.

